# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА БОСИЛОВО


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА | 11.06.2025 ГОДИНА | ПРИМЕРОКОТ Е |
| ОПШТИНА БОСИЛОВО | Б О С И Л О В О | Б Е С П Л А Т Е Н |
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | БР.62 ГОД.30 | |


## С о д р ж и н а


**1.Предлог-Одлука за прогласување елементарна непогода “невреме ветар“ што ја зафати општина Босилово на ден 05.06.2025 година во атарите на населените места Еднокуќево,Робово и Моноспитово.**

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-2165/1 за прогласување елементарна непогода “невреме ветар“ што ја зафати општина Босилово на 5-ти Јуни 2025 година во атарите на населените места Еднокуќево,Робово и Моноспитово,на седница одржана на ден 11.06.2025 година.

**Бр.09-2166/1** **Општина Босилово**
**11.06.2025 година** **Градоначалник,**
**Б о с и л о в о** **Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа(Сл.весник на РСМ бр.05/2002,,84/2020,202/2024)и член 21 став 1 т.43 од Статутот на општина Босилово(Сл.гласник на ОБ бр.21/14)Советот на општина Босилово на седница одржана на ден 11.06.2025 година ,донесе:

**О Д Л У К А**
**За прогласување елементарна непогода “невреме ветар што ја зафати општина Босилово на 5-ти Јуни 2025 година“во атарите на населените места Еднокуќево, Робово и Моноспитово**

**Член 1**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** елементарна непогода “невреме ветар“ на територијата на општина Босилово поконкретно во атарите на населените места Еднокуќево,Робово и Моноспитово кои беа зафатени од невремето на ден 05.06.2025 година.

**Член 2**

Се задолжува Комисијата за процена на штети од елементарни и други непогоди да изврши проценка на настанатата штета врз основа на поднесените барање за проценка на штета од правни и физички лица,врз основа на Методологијата за процена на штети од природни непогоди и други несреќи.

**Член 3**

Се задолжува Комисијата за процена на штети од елементарни и други непогоди да во законски утврдениот рок да изготви Збирен извештај за процена на штети и истиот да го достави со Советот на општина Босилово.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила веднаш со донесувањето,а ќе се објави во сл.гласник на општина Босилово.

**Бр.08-2165/1** **Совет на општина Босилово**
**Босилово** **Претседател,**
**Мито Андонов с.р.**